Друштво за издавачка и образовна дејност производство и промет МАКЕДОНСКА ИСКРА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 05-217/21
16.06 2021 год.
СКОПЈЕ

10-7910/72

# ДОГОВОР

## за ДЕЛ 5

## за откуп на учебници и дополнителен дидактички и работен материјал за основно образование за учебната 2021/2022 година

1.**Министерство за образование и наука**, со седиште на ул.„Св. Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје, преставувано од министерката за образование и наука Мила Царовска, од една страна како „Откупувач“ и

2.**ДИОДПП „Македонска Искра“ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје**, со седиште на бул. „Кочо Рацин“ бр.10/4 Скопје, претставувано од управителот Драган Поповски, од друга страна како „Издавач“.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на член 55 став 1 точка в) алинеа 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2019).

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Предмет на овој договор е откуп на **учебници и дополнителен дидактички и работен материјал за основно образование за учебната 2021/2022 година**, согласно Одлука за јавна набавка за откуп на учебници и придружен дидактички и работен материјал за основно образование за учебната 2021/2022 година, заведена со бр.10-7910/3 од 20.05.2021 година, согласно Техничките спецификации од тендерската документација бр.10-7910/4 од 20.05.2021 година за ДЕЛ 5, Понуда со бр.10-7910/21 од 26.05.2021 година, Записник од одржано преговарање бр.10-7910/21 од 26.05.2021 година, Одлуката за избор на најповолна понуда со бр.10-7910/45 од 28.05.2021 година и Список на учебници и придружен дидактички и работен материјал по наслов, автор, јазик, одделение, тираж и единечни цени (даден во прилог 1).

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната вредност на овој договор, согласно приложениот список на учебници и придружен дидактички и работен материјал кој е составен дел на овој договор (даден во прилог 1), изнесува 1.100.100,00 (еденмилионстоилјадиисто) денари без 5% ДДВ.

Вредноста на 5 (пет) % ДДВ за овој износ изнесува 55.005,00 (педесетипетилјадиипет) денари.

Вкупниот износ на договорот со пресметан ДДВ изнесува 1.155.105,00 (еденмилионстопедесетипетилјадистоипет) денари.

Во износите од став 1 на овој член е вклучен и дадениот попуст.

## IV. ОБВРСКИ НА ИЗДАВАЧОТ

**Член 5**

Издавачот се обврзува да:

-Ги достави учебниците и придружен дидактички и работен материјал франко до училишта, согласно Списокот на учебници и придружен дидактички и работен материјал по наслов, автор, јазик, одделение и тираж франко училиште, кој е составен дел на овој договор (даден во прилог 2);

-Изврши навремено и професионално доставување на учебниците и придружен дидактички и работен материјал согласно утврдениот рок во овој договор;

-Да изврши ажурирање на дистрибуцијата на учебниците и придружен дидактички и работен материјал на интернет страницата ucebnici.mon.gov.mk согласно Упатство за работа за издавачи информатички систем за нарачка и дистрибуција на бесплатни учебници и придружен дидактички и работен материјал (дадено во прилог 3);

-Гарантира целосно за квалитетот и исправноста на учебниците и придружен дидактички и работен материјал и да достави изјава со која гарантира дека ги исполнува условите од спецификацијата (формат, подвезување со топол лепак, граматура);

-По барање на Откупувачот да ги отстрани сите недостатоци кои настанале по вина на издавачот, како резултат на непридржувањето на обврските од овој договор или кои претставуваат скриени недостатоци, а под скриен недостаток се подразбира ако учебниците и придружен дидактички и работен материјал доставени од страна на издавачот имаат некој недостаток кој не можел да се открие со вообичаениот преглед при превземањето на учебниците и придружен дидактички и работен материјал ;

-Достави фактура до Откупувачот за доставените учебниците и придружниот дидактички и работен материјал за основно образование во рок од 30 (триесет) дена од извршената дистрибуција;

-Ги достави и записниците со приемниците со потпис и печат од училиштето за примопредавање на учебниците и придружниот дидактички и работен материјал и изјава за извршена дистрибуција и електронско ажурирање на истата на интернет страницата ucebnici.mon.gov.mk, до Откупувачот во рок од 30 (триесет) дена;

-Достави до Откупувачот по еден примерок од секој учебник и придружниот дидактички и работен материјал, согласно списокот на учебници и придружниот

дидактички и работен материјал по наслов, автор, јазик, одделение, тираж и единечни цени кој е составен дел на овој договор (даден во прилог 1) без надомест.

Издавачот е должен, најдоцна во рок од 2 (два) работни дена од склучувањето на овој договор, да достави безусловна банкарска гаранција со важност до 25.09.2021 година, издадена од банка која е прифатлива за Откупувачот во висина од 10 (десет) % од вкупно утврдениот износ со ДДВ од членот 4 на овој договор и тоа како средство за обезбедување на Откупувачот дека издавачот навремено, квалитетно и според условите од овој договор ќе ја реализира испораката на учебниците и придружниот дидактички и работен материјал и дека квалитетот на учебниците и придружниот дидактички и работен материјал ќе биде согласно условите од овој договор и тендерската документација.

Доколку Откупувачот дозволи продолжување на рокот од член 7 став 1 од овој договор, Издавачот е должен да ја продолжи важноста на банкарската гаранција од став 2 на овој член согласно рокот за продолжување на испораката на учебниците.

Откупувачот се обврзува на Издавачот да му ја врати банкарската гаранција во рок од 14 (четиринаесе) дена од денот на истекот на банкарската гаранција.

Откупувачот нема да ја врати банкарската гаранција од овој член и ќе бара нејзино активирање од страна на банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од овој договор или заради наплата на договорните казни предвидени со овој договор.

По исклучок од став 4 од овој член, Откупувачот нема да бара активирање на банкарската гаранција од банката која ја има издадено, доколку Издавачот поради непредвидени околности не можел да изврши испорака на учебниците и придружниот дидактички и работен материјал, во тој случај Издавачот треба да достави писмено образложение до Откупувачот, во кое ќе ги наведе причините за неизвршената испорака, а за кое откупувачот ќе оцени дали е оправдано.

## V. ОБВРСКИ НА ОТКУПУВАЧОТ

Член 6

Откупувачот се обврзува да:

- Да изврши проверка на еден примерок од секој учебник и придружниот дидактички и работен материјал, согласно списокот на учебници и придружниот дидактички и работен материјал по наслов, автор, јазик, одделение, тираж и единечни цени кој е составен дел на овој договор (даден во прилог 1), за да утврди дали истиот е изготвен согласно техничките спецификации дадени во прилог на тендерската документација,

-Да му достави на Издавачот список на учебници и придружен дидактички и работен материјал за основно образование по наслов, автор, јазик, одделение, тираж и единечни цени, согласно списокот на учебници и придружен дидактички и работен материјал кој е составен дел на овој договор (даден во прилог 1),

- Доколку утврди дека примерокот од учебникот и придружниот дидактички и работен материјал од алинеја 1 на овој став е изготвен согласно техничките спецификации дадени во прилог на тендерската документација, да му достави на издавачот Список за дистрибуција на учебници и придружниот дидактички и работен материјал по наслов, автор, јазик, година и тираж франко училиште (прилог 2),

-Да му достави на Издавачот Упатство за работа за издавачи информатички систем за нарачка и дистрибуција на бесплатни учебници и придружен дидактички и работен материјал (дадено во прилог 3)

-Изврши исплата на средствата на Издавачот на начин и во рок утврдени во член 9 од овој Договор.

Откупувачот е должен со овој договор да определи одговорни лица за следење на реализација на договорот.

Одговорни лица за следење на реализација на Договорот кај Откупувачот се Бисера Пепиќ Факиќ, Весна Стојановска и Елизабета Лотиќ Микулец.

Одговорните лица од став 2 на овој член вршат контрола на откупот на учебници и дополнителен дидактички и работен материјал за основно образование за учебната 2021/2022 година, согласно техничките спецификации дадени во прилог на тендерската документација и количините утврдени во техничката спецификација бр.10-7910/4 од 20.05.2021 година, да вршат контрола на доставената финансиска документација за исплата, односно да вршат контрола на исправноста на доставените фактури за исплата кои доколку се неисправни треба да ги вратат на соодветна корекција кај Издавачот во рок од 5 дена од приемот на фактурата, како и да ги потпишуваат со полно име и презиме доставените записници со приемниците со потпис и печат од училиштето со кои е извршено примопредавање на учебниците и изјавите за извршената дистрибуција на учебниците.

Овластените лица се должни да ги извршуваат работните задачи кои произлегуваат од ова овластување совесно и одговорно.

## VI. РОК НА ИСПОРАКА И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

### Член 7

Издавачот се обврзува учебниците и придружен дидактички и работен материјал за основно образование од член 3 на овој договор, навремено и на свој трошок да ги достави франко до училиште, од 15.08.2021 година до 25.08.2021 година.

По исклучок, Откупувачот може да дозволи продолжување на рокот од став 1 на овој член, доколку Издавачот поради непредвидени околности не можел да изврши испорака на учебниците и придружен дидактички и работен материјал во утврдениот рок, и во тој случај издавачот треба да достави писмено образложение до Откупувачот, во кое ќе ги наведе причините за неизвршената испорака во рокот, а за кое Откупувачот ќе даде писмена согласност доколку оцени дека истото е оправдано.

Количината на доставениот тираж во основно училиште ќе биде предадена пред Комисија составена од претставници од Издавачот и директорот на училиштето, односно лице овластено од него, за што ќе се направи записник со испратница со потпис и печат од училиштето за примопредавање на учебниците и придружен дидактички и работен материјал.

Откупувачот го задржува правото да го откаже откупот на дел од учебниците и придружен дидактички и работен материјал од списокот на учебници и придружен дидактички и работен материјал, за што писмено го известува Издавачот најдоцна 5 (пет) дена по потпишување на овој договор од двете договорни страни.

## VII. КВАЛИТЕТ НА УЧЕБНИЦИТЕ

Член 8

Квалитетот на учебниците и придружен дидактички и работен материјал кои се предмет на овој договор мора да одговара на стандардите утврдени во Концепцијата за учебници за основно образование.

## VIII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Откупувачот се обврзува средствата од член 4 на овој договор да ги исплати на следниот начин:

Во рок од 60 дена од денот на приемот на следнава документација:

а)Оригинал записници за извршена дистрибуција франко училиште со печат на училиштето и целосно име и презиме на одговорно лице за прием на учебници и придружен дидактички и работен материјал од една страна и одговорно лице за испорака на учебници и придружен дидактички и работен материјал од друга страна;

б)Оригинал испратници за извршена дистрибуција франко училиште со печат на училиштето и целосно име и презиме на одговорно лице за прием на учебници и придружен дидактички и работен материјал од една страна и одговорно лице за испорака на учебници и придружен дидактички и работен материјал од друга страна;

в)Со приложена изјава за извршена дистрибуција и електронско ажурирање на истата на веб страната согласно упатството добиено од Откупувачот;

г) Фактура;

д) 1 (еден) примерок од секој испечатен/набавен учебник и придружен дидактички и работен материјал (работни тетратки) согласно списокот за нарачка добиен од Откупувачот.

## IX. КАЗНЕНИ ПЕНАЛИ И ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 10

Доколку Издавачот задоцни со извршување на работите од овој договор, како што е договорено или утврдено според роковите во овој договор, во таков случај Издавачот се обврзува да му плати на Откупувачот казнени пенали во висина од 0,5% од вкупната вредност на овој договор со вклучен ДДВ за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вкупната вредност на овој договор, за што се согласни и двете договорни страни.

Член 11

Во случај на раскинување на договорот согласно член 15 од овој договор, Издавачот се обврзува да му плати на Откупувачот казна во висина од 30% од вкупната вредност на овој договор, за што се согласни и двете договорни страни.

**Член 12**

Доколку Откупувачот претрпел штета која го надминува износот на договорната казна, Издавачот ќе исплати разлика до целосниот надомест на штета.

## X. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ И УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

Договорот се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 14**

Договорот може спогодбено да биде раскинат доколку договорните страни се договорат за истото.

**Член 15**

Откупувачот има право еднострано да го раскине овој договор доколку:

-Издавачот не ја достави банкарската гаранција за квалитетно извршување од член 5 став 2 од овој Договор, во предвидениот рок,

-Издавачот не ги испорача навремено учебниците и придружен дидактички и работен материјал во рокот утврден во член 7 од овој договор,

-Издавачот испорача учебници и придружен дидактички и работен материјал кои не се изработени според стандарди утврдени во Концепцијата за учебници за основно образование,

-Издавачот испорача учебници и придружен дидактички и работен материјал кои не се во согласност со тиражот и списокот од член 3 од овој договор (даден во прилог1),

-При испораката констатира дека испораката се одвива со забавено темпо, така што е очигледно дека работата нема да може да се заврши во рокот определен во овој договор,

-Издавачот прекрши некоја одредба од овој договор, а прекршувањето не го исправи во рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на писмено предупредување од страна на Откупувачот.

**Член 16**

Во случај на раскинување на овој договор, онаа договорна страна по чија вина дошло до раскинување на договорот е должна веднаш и без одлагање да и ги надомести сите штети (материјални и нематеријални) кои ќе бидат предизвикани на другата договорна страна.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

За се што не е опфатено со овој договор соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 18**

Во случај на спор до кој може да дојде во врска со толкувањето и извршувањето на овој Договор, договорните страни ќе настојуваат спорот да го решат спогодбено.

Ако спорот не се реши спогодбено, договорните страни како надлежен суд за решавање на спорот го прифаќаат Основен суд Скопје II Скопје.

**Член 19**

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднообразни примероци, од кои 2 (два) примероци добива Издавачот, а 3 (три) примероци добива Откупувачот.

Прилог 1: Список на учебници и придружен дидактички и работен материјал (работни тетратки) по предмет, автор/и, наставен јазик, одделение, потребен тираж и единечни цени за набавка за учебна 2021/22 година.
Прилог 2: Список на учебници и придружен дидактички и работен материјал (работни тетратки) по предмет, автор/и, наставен јазик, одделение, потребен тираж франко училиште.
Прилог 3: Упатство за работа за издавачи информатички систем за нарачка и дистрибуција на бесплатни учебници и придружен дидактички и работен материјал.

**ОТКУПУВАЧ**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕРКА,**
**Мила Царовска**

**ИЗДАВАЧ**
**ДИОДПП „Македонска Искра“ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје**

**УПРАВИТЕЛ,**
**Драган Поповски**

Изготвил:Наташа Димовска
Контролирал:Милка Масникоса
Согласен:Вангелија Велева
Одобрил: Маја Бичиклиска